**20121273108**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 15 став (6) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СТАТУС НА СМЕТКОВОДИТЕЛ ИЛИ ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛ, ОДНОСНО ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето за полагање испит за стекнување со статус на сметководител или овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител односно овластен сметководител.

Член 2

Барањето за полагање испит за стекнување со статус на сметководител се поднесува на образец – „Барање за полагање испит за стекнување со статус на сметководител “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето за полагање испит за стекнување со статус на овластен сметководител се поднесува на образец – „Барање за полагање испит за стекнување со статус на овластен сметководител “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Уверението за сметководител се издава на образец –„Уверение за сметководител “, изработен од бела кондзрук хартија со димензии на А-4 формат, дадено во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Уверението за овластен сметководител се издава на образец –„Уверение за овластен сметководител “, изработен од бела кондзрук хартија со димензии на А-4 формат, дадено во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 12- 27519/5
5 октомври 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ДО** **ПРИЛОГ 1**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**
за полагање испит за стекнување со статус на сметководител

Од_______________________________________________________________________
(име, име на еден од родителите, презиме)

_________________________________________________________________________
(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_____________________________________________________________________
(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми дозволи да полагам испит за стекнување уверение за сметководител согласно член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи.

Место и датум Подносител на барањето

_______________________ ____________________________

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.

**ПРИЛОГ 2**

**ДО**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**
за полагање испит за стекнување со статус на овластен сметководител

Од_______________________________________________________________________
(име, име на еден од родителите, презиме)

_________________________________________________________________________
(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_________________________________________________________________
(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми дозволи да полагам испит за стекнување уверение за овластен сметководител согласно член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Подносител на барањето

______________________　　　　　　　　　　___________________________

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.

**ПРИЛОГ 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 став (5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија издава

**У В Е Р Е Н И Е**
**за сметководител**

На _____________________________________________________, со ЕМБГ_______________, роден-а _______________година, во ______________, го положи испитот за стекнување уверение за сметководител.

Именуваниот-та кој-а се стекнал-а со уверение за сметководител е евидентиран-а во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија под број____________.

Број _________
_____ 20___ година
Скопје

М.П.

Претседател на
Институт на сметководители
и овластени сметководители
на Република Македонија
_________________________________

**ПРИЛОГ 4**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 став (5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија издава

**У В Е Р Е Н И Е**
**за овластен сметководител**

На _______________________________________________________, со ЕМБГ________________, роден-а ________________година, во _______________, го положи испитот за стекнување уверение за овластен сметководител.

Именуваниот-та кој-а се стекнал-а со уверение за овластен сметководител е евидентиран-а во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија под број_____________.

Број __________
_____ 20___ година
Скопје

М.П.

Претседател на
Институт на сметководители
и овластени сметководители
на Република Македонија
____________________________________